Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 09.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6329 | 1 | |

15:27

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6254/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за неизрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6254/1 од 06.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и став 2, и член 75-а став 1 точка б и став 2, член 75-б од Изборниот законик.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6254/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага да не се преземе мерка.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 06.12.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6254/1 од 06.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-6254/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека во извештајниот период од 21 до 30 ноември 2016 година, односно во првите 10 дена од изборната кампања, на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, не е регистрирано издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг во согласност со Методологијата, поради што се предлага да не се презема мерка.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири _______________
2. Слаѓана Димишкова _______________
3. Љубомир Костовски _______________
4. Горан Трпеноски _______________
5. Цветин Чилиманов _______________